**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Н А Ц Р Т

# З А П И С Н И К

од Дваесет и деветтата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 29.1.2021 година

Скопје, февруари 2021 година

# З А П И С Н И К
од Дваесет и деветтата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 29.1.2021 година

Седница започна во 12:00 часот, преку апликацијата ZOOM со употреба на интернет комуникација.

Со седницата претседаваше заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваа членовите на Советот: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи; Елена Оранска Петковска, Министерство за финансии; Елизабета Тодорова, Министерство за економија; Билјана Трајковска, Министерство за образование и наука; Дритан Рамадани, Министерство земјоделство, шумарство и водостопанство; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Теодора Столевска, Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје; Наташа Бошкова, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје, Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Снежана Трпевска, Здружение на новинарите на Македонија Скопје и Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје.

На седницата не учествуваа претседателката на Советот Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје и членовите: Мира Димишковска, Министерство за правда; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Љуљзим Селмани, Министерство за култура; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Санела Хаџибулиќ, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците и Томислав Андоновски, Агенција за млади и спорт.

На седницата учествуваа и ;Васка Драсковиќ, замена за Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје и претставници на Секторот за анализа на политиките и координација/Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Весна Василевска и Даниела Симоновска.

*

*       *

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од 28. (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 20.1.2021 година

1. Предлози за изменување на Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите

2. Разно

*

*  *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 18 гласа „за“ и ниту еден глас „против“, го усвои Записникот од 28. (дописна) седница на Советот, одржана на 20.1.2021 година.

*

*  *

**Точка 1**

Заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска укажа дека Советот веќе неколку седници расправа за предлозите за изменување на Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, а расправата по ова прашање не беше завршена поради однапред утврденото времетраење на 28. седница. Таа го образложи сублимираниот материјал подготвен од страна на Одделението за соработка со невладини организации за постојната правна рамка и предлозите за изменување на Одлуката, при што потенцираше дека во 2021 година треба да се продолжи со позитивната пракса од постоење на оперативно тело, а членови на Советот да имаат улога на набљудувачи во Комисијата за распределба на средствата. Предложи, согласно понудената опција 2, Советот да формира работна група.

Снежана Трпевска го повтори своето мислење од претходните седници дека во Комисијата за распределба на средства треба да учествуваат независни експерти, но укажа дека нема време за темелни промени за Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2021 година и се согласи со дискусијата и заземениот став по ова прашање од претходната седница.

Сабина Факиќ информираше дека извршила консултации со граѓанските организации што ги застапува и мнозинството го поддржуваат нејзиниот став за понудената опција 2, со исклучок на МЦМС кој смета дека формирањето на работна група за реформа на системот на државно финансирање треба да е во надлежност на државните институции, а не на Советот, во работната група да учествуваат и претставници од граѓански организации, а дел од реформата да биде донесување правно обврзувачки акт за распределба на средства на граѓанските организации од јавните извори.

На барање на заменичката на претседателката на Советот, Сузана Никодијевиќ-Филиповска ја образложи можноста Советот да формира работна група, која во текот на 2021 година ќе предложи конкретни мерки за операционализација на препораките на Анализата на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во РСМ, имајќи го предвид мислењето на Министерството за правда во врска со нереализираните активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, дека измената на Законот за здруженија и фондации се планира за втората половина на 2022 година.

Во текот на расправата по ова прашање се предложи во работната група покрај членови на Советот да учествуваат и други претставници на граѓански организации, а Ана Чоловиќ-Лешоска побара да се изработи материјал за целта и надлежностите на работната група, за да може Советот полесно да расправа и одлучува.

Во текот на дискусијата членовите на Советот го поддржаа ставот дека во интерес на навремено објавување на Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2021 година да не се менува член 7 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, но Советот да формира работна група за правно уредување на прашањата за составот на Комисијата за распределба на средствата, условите што треба да ги исполнуваат членовите на Комисијата, постапката за нивен избор, одредби за спречување судир на интереси и сл. и за операционализација на препораките на Анализата на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во РСМ.

**<u>Заклучоци:</u>**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорачува Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2021 година да се објави согласно Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Репбулика Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.277/19), а два претставници на Советот од редот на граѓанските организации да учествуваат во работата на Комисијата во својство на набљудувачи.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации за наредната седница на Советот да организира избор на два претставници на Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации за наредната седница на Советот да подготви материјал за целта и надлежностите на Работната група за операционализација на препораките на Анализата на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во РСМ.

**<u>Точка 2</u>**

Сабина Факиќ предложи промоција на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите 2019 година, откако ќе биде усвоен од Владата.

На барање на заменичката на претседателката на Советот, Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека Министерството за финансии достави номинација за член на Советот со работно место помлад соработник, што не е во согласност со член 3 став 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. Јане Чаловски предложи во иднина, со измена на Одлуката за формирање на Совет за соработка со

и развој на граѓанскиот сектор, замениците да не мора да ги исполнуваат условите кои се пропишани за член на Советот.

Ана Чоловиќ-Лешоска побара информација од Министерството за култура за постапката за избор на членови на Комисијата за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион, чиј мандат е истечен пред околу 10 дена и за начинот на избор на претставници на граѓанскиот сектор во Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија.

**Заклучоци:**

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации писмено да се обрати до Министерството за финансии со барање за номинација на нов член во Советот, согласно условите пропишана во член 3 став 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да побара информација од Министерството за култура за постапката за избор на членови на Комисијата за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион и за начинот на избор на претставниците на граѓанскиот сектор во Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија, при што да укаже на постапката за номинирање на претставници од граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела согласно членот 30 од Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор .

Седницата заврши во 13:30 часот.

Заменичка на Претседателката на Советот за
соработка со и развој на граѓанскиот сектор
Гордана Гапиќ-Димитровска

Подготвила: Даниела Симоновска
Контролирале: Сања Савовска и Весна Василевска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска